ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА

„Крцкај си награди со Стоби Флипс и Чоко Стоби. Играј за повеќе од 700 неодоливи награди!“

1. Организатор и приредувач на наградната игра

Дивисион ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Столтенбергова“ бр. 4, Ламела В, 1/1-9, Скопје со ЕДБ - 4032009500689, се јавува како приредувач и организатор на наградната игра „Крцкај си награди со Стоби Флипс и Чоко Стоби“, за потребите на рекламирање и промоција на производите Стоби Флипс и Чоко Стоби од брендовската линија Стоби Флипс на клиентот Витаминка АД Прилеп.

Наградната игра „Крцкај си награди со Стоби Флипс и Чоко Стоби. Играј за повеќе од 700 неодоливи награди!“ се организира со цел промоција на производите Стоби Флипс и Чоко Стоби и наградување на потрошувачите.

2. Времетраење на наградната игра

Наградната игра ќе се спроведува во периодот од 28.10.2026 – 13.12.2026 г., со последно извлекување во вторник на 15.12.2026 година.

Периодот за регистрација на кодови за учество во наградната игра трае од 00:00:59 на 28.10.2026 година, до 23:59:00 на 13.12.2026 година.

3. Територија и право на учество

Наградната игра се приредува на територијата на Република Северна Македонија.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ќе ги исполнат условите за учество наведени во овој документ Правила на наградна игра.

Учесникот чиј код е извлечен во кој било од извлекувањата станува потенцијален добитник на некоја од наградите.

При остварување на правото на награда, добитникот е должен да приложи соодветен документ за идентификација, односно важечка лична исправа, со која ќе го докаже својот идентитет и исполнувањето на условот за учество, како и да ја приложи фискалната сметка чиј код е регистриран и извлечен од електронскиот систем кој се користи за извлекување на потенцијалните добитници на наградите.

Во наградната игра не можат да учествуваат вработени кај приредувачот и организаторот на наградната игра, вработени кај клиентот, како и членовите на нивните потесни семејства.

Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество и ако целосно ги почитуваат Правилата на наградната игра.

Правилата за Наградната игра ќе бидат објавени, пред почеток на наградната игра, по добивање на согласност од Министерството за финансии на:

- веб страницата www.vitaminka.mk
- Веб страницата за www.krckajsinagradi.mk
- Meta профилите и страниците на Витаминка АД Скопје:

Со самото учество во наградната игра, Учесниците ги прифаќаат овие Правила за наградна игра.

Учесниците кои не ги прифаќаат овие Правила на наградната игра имаат право да го откажат своето учество во Наградната игра со праќање на Изјава за откажување на учество во Наградна игра на e-mail адресата info@krckajsinagradi.mk во спротивно сите учесници ќе се смета дека ги прифаќаат Правилата на наградна игра и ќе учествуваат во неа.

4. Услов и начин на учество

За стекнување право на учество во наградната игра, учесникот треба во периодот од 28.10.2026 година до 13.12.2026 година да регистрира код и време на купување наведени на фискална сметка која содржи:

- најмалку едно пакување Стоби Флипс, без оглед на грамажата;
  - -Стоби Флипс 20гр
  - -Стоби Флипс 40гр
  - -Стоби Флипс 85гр
  - -Стоби Флипс 130гр
  - -Стоби Флипс 150гр
  - -Стоби Флипс 250гр
- најмалку едно пакување Чоко Стоби, од кој било од шесте вкусови/грамажи достапни на македонскиот пазар

-Чоко Стоби 30гр
-Чоко Стоби 60гр
-Чоко Стоби 80гр
-Чоко Стоби бело чоколадо 30гр
-Чоко Стоби бело чоколадо 80гр
-Чоко Стоби фстак 60гр
-Чоко Стоби малина 60гр
-Чоко Стоби јагода 60гр
-Чоко Стоби портокал 60гр
-Чоко Стоби кокос 30гр
-Чоко Стоби микс од бело и млечно чоколадо 60гр
-Чоко Стоби double chocolate и карамел 60гр
-Чоко Стоби 80% млечно чоколадо 80гр

Со регистрацијата на кодот, датумот и часот на купување од фискалната сметка, учесникот го потврдува купувањето на производите и стекнува право на учество во сите извлекувања на награди во рамки на наградната игра.

Учесникот е должен да ја зачува оригиналната фискална сметка врз основа на која е извршена регистрацијата, како доказ за купувањето и како услов за остварување на правото на освоената награда.

При доделување на наградата, организаторот има право да побара приложување на оригиналната фискална сметка заради проверка на исполнувањето на условите за учество.

Една фискална сметка може да биде регистрирана само еднаш и претставува една пријава за учество во наградната игра.

Еднаш регистриран и валидиран код учествува во едно неделно извлекување, а доколку не е извлечен како добитен понатаму истиот е валиден само за главното извлекување.

Еднаш регистрираниот код кој е извлечен и добитен не учествува во понатамошните извлекувања на неделните, месечните и главната награда.

Можност за повторно учество во следните извлекувања постои само со нов регистриран код од нова фискална сметка со купени Стоби Флипс и Чоко Стоби.

5. Начини на регистрација

Учесниците можат да ги регистрираат кодовите на еден од следните начини:

- преку СМС порака на телефонскиот број 142241 која чини 5,9 денари со вклучен ДДВ;
- преку веб-страницата (landing page) www.krckajsinagradi.mk креирана и регистрирана специјално за потребите на наградната игра.

6. Награден фонд

Со регистрацијата на кодовите од фискалните сметки, учесниците стекнуваат право на учество и можност за освојување на награди од вкупниот награден фонд.

Вкупниот награден фонд изнесува 705 награди, поделени на:

- **02.11.2026 – 1. извлекување**
  - 2 iPhone
  - 2 PlayStation
  - 2 таблети
  - 2 Bluetooth звучници
  - 1 Bluetooth слушалки
  - 91 помала награда
  - **Вкупно: 100 награди**

  09.11.2026 – 2. извлекување
  - 1 iPhone
  - 1 PlayStation
  - 1 таблет
  - 1 Bluetooth звучник
  - 2 Bluetooth слушалки
  - 94 помали награди
  - **Вкупно: 100 награди**

  16.11.2026 – 3. извлекување
  - 2 iPhone
  - 2 PlayStation
  - 2 таблети
  - 2 Bluetooth звучници
  - 1 Bluetooth слушалки
  - 91 помала награда
  - **Вкупно: 100 награди**

  23.11.2026 – 4. извлекување
  - 1 iPhone
  - 1 PlayStation
  - 1 таблет

• 1 Bluetooth звучник
• 2 Bluetooth слушалки
• 94 помали награди
• Вкупно: 100 награди

30.11.2026 – 5. извлекување + месечно

• 2 iPhone
• 2 PlayStation
• 2 таблети
• 1 Bluetooth звучник
• 2 Bluetooth слушалки
• 91 помала награда
• 4 електрични велосипеди – месечна награда
• Вкупно: 104 награди

07.12.2026 – 6. извлекување

• 1 iPhone
• 1 PlayStation
• 1 таблет
• 2 Bluetooth звучници
• 1 Bluetooth слушалки
• 94 помали награди
• Вкупно: 100 награди

14.12.2026 – 7. извлекување

• 1 iPhone
• 1 PlayStation
• 1 таблет
• 1 Bluetooth звучник
• 1 Bluetooth слушалки
• 95 помали награди
• Вкупно: 100 награди

Посебно главно извлекување

• 1 автомобил – главна награда

Вкупно:

• 10 iPhone
• 10 PlayStation
• 10 таблети
• 10 Bluetooth звучници
• 10 Bluetooth слушалки
• 650 помали награди (200 детски меки играчки, 200 Gley ваучери и 250 пакети од Витаминка производи со брендиран подарок – ранец/капа
• 4 електрични велосипеди
• 1 автомобил
• ВКУПНО: 705 награди

Деталниот список на награди, нивната поединечна вредност и вкупната вредност на наградниот фонд ќе бидат наведени во овој дел од Правила на наградна игра со единечни цени изразени во денари:

Вкупен износ на целосниот фонд на награди: 3.712.733,00 денари

7. Учество во извлекувањата

НАГРАДЕН ФОНД	Единечна вредност без ДДВ	Кол.	Единечна вредност со ДДВ	Вкупна цена (со ДДВ)
Автомобил GEELY STARRAY	МКД 1.309.322	1	МКД 1.545.000	МКД 1.545.000
Електрични велосипеди	МКД 52.542	4	МКД 62.000	МКД 248.000
Apple iPhone 17 Pro 256GB Cosmic Orange	МКД 65.817	10	МКД 77.664	МКД 776.641
Sony PlayStation 5 Slim 825GB Digital-Edition Console White	МКД 30.294	10	МКД 35.747	МКД 357.474
Speaker Marshall ACTON III Bluetooth Black	МКД 12.057	10	МКД 14.227	МКД 142.275
Headphones JBL Tune 530 Bluetooth Black	МКД 3.059	10	МКД 3.610	МКД 36.097
Tablet PC Samsung Galaxy Tab A11 SM-X130 9 8 8GB/128GB Silver	МКД 9.276	10	МКД 9.740	МКД 97.400
LEGO mighty machines https://krs.mk/product/42233-mighty-machines/	МКД 271	50	МКД 320	МКД 15.960
LEGO mini animal https://krs.mk/product/mini-animal-28/	МКД 203	50	МКД 239	МКД 11.960
LEGO MINIFIGURES https://krs.mk/product/71048-series-27/	МКД 204	50	МКД 239	МКД 11.960

Дамплинг	МКД 204	50	МКД 239	МКД 11.960
GLEY годишна претплата (премиум пакет)	МКД 769	200	МКД 907	МКД 181.418
Витаминка пакет со производи со брендиран ранец и капа		250	МКД 1.106	МКД 276.588
ВКУПНО		705		МКД 3.712.733

Во неделните, месечните и главното извлекување учествуваат сите валидно регистрирани кодови, според следната динамика:

Еден регистриран добитен код станува неважечки по неговото извлекување и не остварува право за учество во следните извлекувања, вклучувајќи го и главното извлекување.

Сите учесници кои имаат валидно регистриран код учествуваат во главното извлекување, освен оние кодови кои веќе се добитници на некоја од неделните и/или месечните награди.

Добитниците на која било од неделните награди и/или месечните награди остваруваат право на учество единствено со регистрација на нов код, со чија правилна регистрација остваруваат право на учество во следните извлекувања.

8. Извлекување на наградите

Извлекувањата во наградната игра се вршат со употреба на електронски систем развиен и воден од Добавувачот NTH Media (NTH Group / NTH Business Messaging) Doo Skopje (понатаму во текстот: Добавувачот), по случаен автоматски избор кој се врши преку софтверски систем развиен од страна на Добавувачот специјално за наградната игра.

Добавувачот е одговорен за функционирањето на системот за регистрација на пријавите, обработката на податоците на учесниците, спроведувањето на електронските извлекувања, известувањето на добитниците преку телефонски пат откако тие ќе бидат официјално објавени на каналите на Витаминка АД Прилеп. Добавувачот исто така е одговорен за прибирање на информациите (име, презиме, адреса, град, телефонски број, фискална сметка) од добитниците по нивно контактирање, обработка и споделување со Организаторот на наградната игра кој понатаму ќе ја спроведе доставата на наградите до добитниците.

Наградите треба да се во просториите на организаторот најдоцна 7 дена пред почетокот на играта.

Со регистрацијата на кодот, датумот и часот на купување од фискалната сметка, учесникот го потврдува купувањето на производите и стекнува право на учество во сите извлекувања на награди во рамки на наградната игра.

Учесникот е должен да ја зачува оригиналната фискална сметка врз основа на која е извршена регистрацијата, како доказ за купувањето и како услов за остварување на правото на освоената награда.

При доделување на наградата, организаторот има право да побара приложување на оригиналната фискална сметка заради проверка на исполнувањето на условите за учество.

Една фискална сметка може да биде регистрирана само еднаш и претставува една пријава за учество во наградната игра.

Еднаш регистриран и валидиран код учествува во едно неделно извлекување, а доколку не е извлечен како добитен понатаму истиот е валиден само за главното извлекување.

Еднаш регистрираниот код кој е извлечен и добитен не учествува во понатамошните извлекувања на неделните, месечните и главната награда.

Можност за повторно учество во следните извлекувања постои само со нов регистриран код од нова фискална сметка со купени Стоби Флипс и Чоко Стоби.

Наградна игра – 7 недели

Почеток: 28.10.2026 (среда) Крај: 15.12.2026 (вторник) Вкупно времетраење: 49 дена / 7 недели

7 Неделни извлекувања – понеделник, 100 награди неделно

1 02.11.2026 – 1. неделно извлекување во 12ч
2 09.11.2026 – 2. неделно извлекување во 12ч
3 16.11.2026 – 3. неделно извлекување во 12ч
4 23.11.2026 – 4. неделно извлекување во 12ч
5 30.11.2026 – 5. Неделно извлекување + месечно извлекување на 4 награди во 12ч
6 07.12.2026 – 6. неделно извлекување во 12ч
7 14.12.2026 – 7. Неделно извлекување во 12ч

И последно неделно извлекување
Главно извлекување
15.12.2026 (вторник) – главно извлекување на 1 главна награда на улица Столтенбергова 2 , Скопје

На извлекувањето ќе присуствува и 3 члена комисија .

Вкупно: 700 неделни + 4 месечни + 1 главна = 705 награди.

Главното извлекување ќе се реализира на 15.12.2026 година во 12:00 часот, со официјално извлекување во живо со стрим или телевизиски пренос во кои со користење на софтверот за извлекување добитници ќе биде извлечени потенцијалните добитници на неделните награди, како и потенцијалниот добитник на главната награда.

Потенцијалниот добитник на главната награда, како и сите учесници, се должни да ја зачуваат и приложат фискалната сметка со добитниот код, времето и саатницата на купување, со што го остваруваат правото за добивање на награда.

Добитникот на главната награда ќе биде објавен истиот ден преку официјалните комуникациски канали назначени во Правилата на наградна игра

9. Контрола и валидност на пријавите

Организаторот, преку обезбедениот систем за наградната игра, има право да врши проверка на валидноста на регистрираните кодови, времето на купување и податоците од фискалните сметки.

Невалидни, неточни, нецелосни или дуплирани кодови нема да учествуваат во извлекувањата.

Доколку по извлекувањето се утврди дека избраниот добитник не ги исполнува условите за учество, организаторот има право да избере резервен добитник.

10. Објавување и доделување на наградите

Резултатите од извлекувањата, односно имињата на добитниците на наградите, ќе бидат објавени на веб-страницата www.krckajsinagradi.mk и преку останатите официјални комуникациски канали на Витаминка АД Прилеп.

Добавувачот е должен телефонски да ги извести потенцијалните добитници во рок не подолг од 24 часа од моментот на извлекувањето.

За да го остварат правото на наградата, потенцијалните добитници се должни во рок од 24 часа од приемот на известувањето да ги достават потребните податоци и документација, и тоа: контакт телефон, адреса и град на живеење, како и фотографија од фискалната сметка на следната e-mail адреса : vitaminka@silverlines.info

При физичкото преземање на наградата, добитникот е должен да ја приложи оригиналната фискална сметка, како и целокупната документација потребна за идентификација и потврда на неговиот идентитет.

Доколку потенцијалниот добитник не го воспостави повикот и не ги достави бараните податоци и документација во предвидениот рок од 24 часа, се смета дека се откажал од правото на наградата.

По истекот на тој рок Добавувачот е должен да контактира резервен потенцијален добитник.

Добитникот е должен да достави податоци и документација потребна за идентификација и преземање на наградата.

Добавувачот е задолжен да ги достави наградите на добитниците во временски рок од 30 дена од моментот на официјалното објавување на добитниците.

Добитниците немаат можност да ги заменат своите награди за паричен износ еднаков на нивната вредност, ниту пак за кој било друг предмет.

Доколку добитникот на дневната награда не достави информација за точна адреса и/ или телефонски број, или достави нецелосна
информација поради која не може да се изврши достава, или од било која друга причина не може да се изврши доставата, е должен сам да ја подигне наградата од седиштето на организаторот Дивисион ДООЕЛ во рок од 30 дена. По истек на тој рок организаторот нема никаква одговорност и не е должен да ја предаде наградата.

12. Запознавање на учесниците со правилата

Приредувачот е должен пред започнување на наградната игра да ги објави правилата на наградната игра и да ги направи достапни за сите потенцијални учесници.

Правилата ќе бидат јавно достапни преку веб-страницата:

www.krckajsinagradi.mk

и преку други комуникациски канали определени од страна на организаторот.

13.Откажување на наградната игра

Наградната игра може да се прекине само во случај ако настапат околности за кои Организаторот на наградната игра не е одговорен, односно ако постојат околности кои Организаторот не можел да ги спречи, отстрани или избегне, а по добивање согласност од страна на Министерство за финансии.

14. Приговори

Секој учесник кој смета дека неговите права се повредени во текот на спроведувањето на наградната игра има право да поднесе писмен приговор до приредувачот.

Приговорот може да се поднесе во рок од 7 дена од денот на објавувањето на резултатите од соодветното извлекување.

Приредувачот ќе постапи по поднесениот приговор во рок од 5 дена по приемот на приговорот .

15. Заштита на лични податоци

Со учеството во наградната игра, учесниците се согласуваат нивните лични податоци да бидат обработувани исклучиво за потребите на реализација на наградната игра, спроведување на извлекувањата, контактирање на добитниците и доделување на наградите.

Обработката на личните податоци ќе се врши согласно Законот за заштита на личните податоци и важечките прописи во Република Северна Македонија.

16. Завршни одредби

Овие правила ќе започнат да се применуваат по добивање на согласност од Министерството за финансии за приредување на наградна игра .

17.Разрешување на евентуални спорови

Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците на наградната игра надлежен е Основен суд Скопје.

Подносител